# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 12 став (12) од Законот за Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/09, 53/11, 164/13, 43/14, 33/15 и 88/15) министерот за земјоделство шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗВРШЕНИТЕ РАБОТИ НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

## Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на надоместокот за извршените работи на Државниот инспекторат за земјоделство.

## Член 2

Висина на надоместокот по барање од физички и правни лица за издавање на Уверение за квалитет - Сертификат /Придружен документ, изнесува:

- за пратки од овошје, зеленчук, храна за животни, ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, производи за заштита на растенија до десет тони изнесува 450 денари, а за секој натамошен односно за секој започнат тон уште по 50 денари;

- за пратки од меркантилна пченица 0,5 денари по кг;

- за пратки од тутун и тутунски производи до десет тони изнесува 1000 денари, а за секој започнат тон уште по 50 денари;

- за пратки по тип на вино, производи од вино и винско грозје и јаки алкохолни пијалоци до 100 hl изнесува 850 денари, а за секој започнати 10 hl уште по 100 денари;

- за пратки од семенски материјал до десет тони изнесува 600 денари, а за секој започнат тон уште по 50 денари;

- за овошен саден материјал 0,1 денар по овошна садница;

- за лозов калем 0,05 денари по калем;

- за градинарски, цветен саден материјал и режано цвеќе 0,05 денар по број;

- за приплоден крупен добиток и за ситен добиток и живина до шест тони 2000 денари а за секој натамошен започнат тон уште по 300 денари, пчелни матици 100 денари по матица и 200 денари за пчелно семејство и фамилија пчели и

- за јајце клетки, ембриони и семе од добиток, 20 денари по број/доза.

**Член 3**

Висина на надоместокот за трошоците за фитосанитарна контрола на пратки од растенија, растителни производи и други објекти и предмети и производи за заштита на растенијата при увоз и во внатрешноста на државата по поднесено барање од правни и физички лица за издавање фитосанитарен сертификат за извоз и фитосанитарен сертификат за реекспорт и пасош за растенија (замена на пасошот за растенија) изнесува

- 1.000 денари за пратки до десет тони, а за секој натамошен односно за секој започнат тон уште по 50 денари.

**Член 4**

Висина на трошоците за утврдување на исполнување на условите, по барање од правни и физички лица за откуп на земјоделски производи и тутун изнесува 1.000 денари (по откупно место-објект), за регистрација на винарска визба и рибници изнесува 20.000 денари, а за пломбирање на мрежи изнесува 700 денари.

**Член 5**

Висината на надоместокот од членовите 2, 3 и 4 на овој правилник, се зголемува за 100%, во случај кога контролите се извршуваат ноќе во период од 22,00 – 06,00 часот, во државни празници и неработни денови (сабота и недела).

**Член 6**

Ако при контролата се земаат примероци за лабораториска анализа, висината на надоместокот од член 3 на овој правилник се зголемува за 20%.

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Бр.02-8559/2 Министер за земјоделство,

1 септември 2015 година шумарство и водостопанство,

Скопје м-р Михаил Цветков, с.р.